**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4942 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во четвртиот десетдневен период, од 2 до 11 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет

на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во анализираниот период емитувани се три премиерни и едно репризно издание на емисијата „Ноќен експрес", едно издание на „Стадион", и пет изданија на емисијата „Моја општина".

*<u>„Ноќен експрес"</u>*

На 2 октомври 2016 година, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес" на тема - Во потрага по демократијата. Гости беа: Глигор Стојменов, вработен во Собрание на РМ и член на ВМРО-ДПМНЕ и Нано Ружин, ректор на ФОН. На почетокот беше спомнат потпишаниот Меморандум меѓу ЗНМ и Универзитетот ФОН, што значи тоа и кои се бенефитите на двете страни. Реализирано е и интервју со Петруш Тоинес од програмата CIVICA MOBILITAS, кој со години работи на полето на развој на демократските процеси и човековите права во регионот и пошироко. Составен дел на емисијата беа квиз прашањата со сатиричен дух и читањата на статуси од Твитер, сето тоа проткаено со музички паузи.

На 3 октомври 2016 година, емитувано е премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Македонците во светот успешна приказна. Гостин во емисијата беше Александар Стамболиев – професор по економија, член на форумот Македонија 2025. Од страна на водителите беа наведени неколку успешни Македонци, со кои се разговараше за нивната животна сторија: Димитар Насев – член на борд на директори, Обединета македонска дијаспора (ОМД); Душко Јанков од Бери – Канада, кој 28 години е во оваа земја и е дипломиран економист; Ненад Николовски – актер во Холивуд; Горан Пандев, прославен македонски фудбалер. Духовитоста на водителскиот тим не изостана и овој пат, па така имаше квиз прашања, асоцијации, интересни постови од социјалните мрежи. Репризното издание беше емитувано на 8 октомври 2016 година.

На 5 октомври 2016 година, емитувано е премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Правда, недопирлива за малите луѓе. Гости во емисијата беа: Трајче Торов, адвокат, Гоце Коцевски и Јасна Аранѓеловиќ Оровчанец – Македонско здружение на млади правници. Се разговараше и со Славчо Митевски, поранешен директор на Селена од Штип, кој има 20-годишна судска голгота, и со Кире Илиевски, другар на Душко Илиевски – Млекарот (кој заминал во Германија да бара азил поради политички притисоци). Составен дел на емисијата беа квиз прашањата, сатиричните коментари, асоцијациите, читањето на статуси од социјалните мрежи. Репризното издание беше емитувано на 9 октомври 2016 година.

На 10 октомври 2016 година, емитувано е премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Стануваме ли нација на сениори? Гости беа: проф. Мирјанка Маџевиќ – од Географскиот институт на ПМФ – демограф и Дона Костуранова од Младинскиот образовен форум (МОФ). Во текот на емисијата реализирани се две одделни интервјуа со Дончо Герасимовски – експерт по демографија и Драги Аргировски – претседател на Сојузот на пензионери на Македонија. Дополнителни теми на кои говореа гостите беа: Која е улогата на младите во владеењето на правото наспроти искуството на повозрасните; преселбите и разочараноста; нивната вклученост или невклученост во политиката; дали само економската состојба во нашата држава е причина за заминување, или има и други, како перспективност, сигурност, вербата во државата; и зошто помладите се помалку се одлучуваат да запловат во брачните води?

*„Стадион“*

Премиерното издание на емисијата Стадион со водителката Весна Коловска беше на 8 октомври 2016 година. Темата беше насловена - „Стадион со шпион“. Гостин беше: Александар Диневски – поранешен разузнавач и детектив, кој беше во притвор како осомничен во аферата „Шпион“. Водителката ја најави емисијата со пораката која ја испрати претседателот на Асоцијацијата на обвинители во САД, Дејвид Лабан, до претседателката на СЈО Катица Јанева - „Не се откажувајте, секогаш работете за вистинското добро, за вистинската личност и поради вистинска причина“. Александар Диневски искажа разочараност во СЈО, кое според него не го проучило доволно случајот „Шпион“. Имаше јавување на слушатели во живо кои му поставуваа прашања на гостинот. Пред крајот на емисијата беше емитуван дел од интервјуто на Зоран Заев дадено за Канал 77.

*„Моја општина“*

Емисијата „Моја општина“ содржи краток информативен блок во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. Во овој период од мониторингот се појавива уште две нови општини на кои медиумот посветува внимание, тоа се Општините Боговиње и Брвеница. Во извештајниот период беа реализирани пет изданија на емисијата „Моја Општина“ кои беа посветени на општините Боговиње, Брвеница, Струмица, Тетово и Куманово. Времетраењето на емисиите е поголемо поради музичките нумери меѓу два прилога.

На 2 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Боговиње“** (07:36:04–07:48:35) се претставени повеќе случувања: Локални акциски групи на Општина Боговиње и Општина Брвеница во партнерство со Фондацијата на жени и млади претприемачи за проширување на малите бизниси; завршиле работите за прибирање на техничка документација за изградба на фекална канализација за Селата, Боговиње, Пиро, Плачиште, Седларце, Дамјан и Кланик; завршен е резервоарот за вода во Горно Седларце, проект реализиран во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

На 2 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Брвеница“** (17:15:10 – 17:31:35) се претставени следниве настани: Во посета на општината била делегација предводена од регионалниот директор на Светска банка, а на средбата покрај градоначалникот Енвер Пајазити биле и бизнисмени од општината; регионалниот директор на СБ изразил желба да го посети селото Гургурница каде започнала изградбата на основно училиште со грантови од СБ; било договорено да се започне со процедури за тендер за завршување на училиштето со средства обезбедени од Општината и СБ; Општина Брвеница била домаќин на состанокот одржан помеѓу организацијата Ави и девет полошки општини, на кој бил промовиран проектот за меѓуетничко разбирање, реализиран со поддршка на Европската Унија.

На 8 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Струмица“** (09:34:15–09:46:45) се претставени следниве активности и случувања: Првачињата од Општината станале членови на Детската организација, а приемот им го честитал градоначалникот Зоран Заев; ЈП Паркиралишта Струмица донирале помош во градинката Детска радост, трета донација, која се состоела од бела техника и ТВ приемници; Општина Струмица организирала состанок во рамките на проектот „создавање на поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица-Кичево-Кукуш“, бизнис мрежа финансирана од ЕУ преку ИПА програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција 2007-2013.

На 8 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Тетово“** (13:08:41–13:19:35), беа емитувани два прилога. Првиот за соработката на градоначалничката Теута Арифи со Башким Амети, министерот за животна средина и просторно планирање, во врска со новиот водовод од кој Тетово ќе се снабдува со вода. Вториот беше за размонтирувањето на стариот железен мост попознат како „мост на казизите“ и за поставувањето на нов бетонски мост.

На 8 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Куманово“** (17:16:24 – 17:34:10) се претставени активностите насловени: Се одбележа неделата на детето, а децата имаа прием кај градоначалникот Зоран Дамјановски; 19-то издание на фестивалот „Денови на комедии", свечено отворен минатата сабота со претставата „Име" во изведба на Театар комедија од Скопје; Распишан конкурс за пријавување за ноемвриската награда; и во Младинскиот културен центар „Козјак" започна фестивалот на германскиот филм, за кој било предвидено да трае до 14 октомври со емитување на шест филма. Фестивалот бил организиран во соработка со германската амбасада.

***Сектор за програмски работи***